10

Република Северна Македонија

Министерство за финансии

- Сектор за Буџети и фондови -

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAKEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup

Примено: E pranuar:	03 -11- 2020		
Орг.Един. Njësia Org.	Број: Numër:	Прилог: Shtojcë:	Вредност: Vlerë:
43-	8949	3	

Архивски број: 08-6005/1-2
Датум: 30 -10- 2020

До:
- Влада на Република Северна Македонија
- Фондација Отворено општество-Македонија

Предмет: Известување
Врска: Допис од Генерален секретаријат бр.43-8949/1 од 28.09.2020 година

Почитувани,

Во врска со дописот под горенаведениот број и датум, со кој е доставена Предлог-иницијатива на Фондацијата отворено општество-Македонија, Министерството за финансии во доменот на своите надлежности го дава следното мислење:

Доставената Предлог-иницијатива за годишна Програма за работа на Влада на Република Северна Македонија за 2021 година, се однесува на Јавно обвинителство на Република Северна Македонија и на Судство.

Како приоритет/цел во однос на Јавното обвинителство се наведува „Подобрување на институционалната ефикасност и ефективност“, додека активности за реализација на истата, а во кои е наведено Министерството за финансии како еден од надлежните органи, се наведени следните:

1. Со Буџетот на РСМ за 2021 година да се обезбедат средства за вработување на јавно обвинителски службеници согласно предвидената систематизација, како и средства за избор на јавни обвинители со цел непречено функционирање на Јавното обвинителство и овозможување на непречена и неселективна борба против организираниот криминал.
2. Со Буџетот на РСМ за 2021 година да се предвидат средства за формирање на најмалку 3 јавнообвинителски истражни центри.
3. Со Буџетот за 2021 година да се предвиди зголемен процент на средства и за капитални инвестиции (7-8%) и за стоки и услуги.

Како приоритет/цел во однос на Судството се наведува „Подобрување на човековите ресурси“, додека активности за реализација на истата, а во кои е наведено Министерството за финансии како еден од надлежните органи, се наведени следните:

1. Со Буџетот на РСМ за 2021 година да се предвидат буџетски средства за судската власт согласно Законот за судски буџет и тој износ да биде најмалку 0,8% од бруто домашниот производ, а со цел обезбедување на независно судство.

Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 763
www.finance.gov.mk

2. Со зголемениот буџет за судската власт ќе се овозможи кадровска и техничка доекипираност на судовите. Со пополнување на слободните систематизирани работни места во судската администрација ќе се создадат услови за непречена работа на судовите, а со тоа и тргање на секакви изговори дека судовите не можат да работат заради технички и кадровски недостатоци. За таа цел, со буџетите за 2021, 2022 и 2023 година постепено да се овозможат средства за нови вработувања во судската администрација согаласно постоечката Систематизација како и носење на План и Програма за проценка на постојната состојба на човечките ресурси во правосудниот сектор и насоки за управување во оваа област на долг рок.

Имајќи го предвид претходно наведеното, Министерството за финансии ве известува дека Буџетот на Јавно обвинителство на Република Северна Македонија и Буџетот на Судската власт како и на секој буџетски корисник се изготвува врз база на пополнет буџетски циркулар во форма на Буџетско барање за изготвување на Предлог -Буџетот. Во текот на подготовката на Предлог-Буџетот на РСМ се врши усогласување согласно стратешките приоритети на Владата на РСМ и можностите. Исто така, при утврдување на висината на финансирање не се води сметка само од потребите туку и од реализацијата од претходните години како и можностите и капацитетите за реализација на планираните средства од страна на Јавно обвинителство на Република Северна Македонија и Судската власт.

Во однос на новите вработувања, Ве известуваме дека Министерството за финансии позитивно се произнесе по однос на Годишниот план за вработување за 2020 на Јавно обвинителство на РСМ, согласно кој се предвидени 70 нови вработувања и 3 пензионирања, како и по однос на Годишниот план за вработување за 2020 во судовите, согласно кој се предвидени 90 нови вработувања, 54 пензионирања и 169 унапредувања.

Со почит,

Министер за финансии
Dr.Fatmir Besimi

Изработил: Елена Јовановска
Проверил: Тоше Пановски
Согласен: Тања Трипунова/Аница Иваноска-Стрезовски

Проверил: Dr.Shiret Elezi
м-р Јулијана Петановска